# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

*НА ДОПОЛНЕТИОТ ПРЕДЛОГ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2009 ГОДИНА*

По утврдувањето на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2009 година од страна на Владата на Република Македонија истиот беше доставен до Претседателот на Собранието на Република Македонија.

По доставувањето на Предлог за изменување и дополнување на Буџетот за 2009 година во Собранието, истиот се разгледуваше на следните комисии:

- Комисија за буџетски совет,
- Комисија за економски прашања,
- Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство,
- Комисијата за финансирање и буџет и
- Законодавно-Правната комисија.

На седниците на комисиите присуствуваа овластените претставници и повереници определени од Владата на Република Македонија, а министерот за финансии и заменик министерот за финансии на одделни комисии поднесоа воведни излагања за појдовните основи и претпоставки за подготвувањето и предлагањето на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2009 година, со осврт за основните насоки на фискалната политика за тековната 2009 година, вкупниот обем на приходите и расходите, како и на предложениот дефицит и начинот на неговото финансирање во текот на годината.

Согласно одредбите од член 149 од Деловникот на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија", број 91/2008 година), „Матичното работно тело (Комисијата за финансирање и буџет, одржана во периодот од 15 до 22 септември 2009 година) и Законодавно-Правната комисија, одржана на 18 и 23 септември 2009 година, ги претресуваат одредбите од Предлогот на Законот поединечно и поднесените амандмани и гласаат по нив. Работните тела можат да поднесат и свои амандмани."

Во периодот определен со член 151 од Деловникот се поднесени вкупно 153 амандмани на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2009 година со кои најчесто се предлагаат реалоцирање на еден вид на расходи во друг вид на расходи.

Од вкупно поднесените амандмани, во текот на расправата на Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно-Правната комисија, од претставниците на Владата беа прифатени 13 амандмани, додека 10 амандмани беа повлечени.

Во продолжение подетално се презентираат прифатените амандмани:

1.Амандман под реден број 11 (архивски број 07-3804/2 од 09.09.2009 година), со кој на Собранието на РМ му се додаваат 3 милиони денари на ставката 420 за покривање на

обврските за патни и дневни расходи поради зголемена динамика на активности на Собранието на РМ, на работните тела на Собранието и други активности на домашен и меѓународен план во последниот квартал од 2009 година и истите се намалуваат од Министерството за информатичко општество од ставката 483-Купување на мебел, опрема, возила и машини;

2.Амандман под реден број 13 (архивски број 07-3804/3 од 09.09.2009 година), со кој на Собранието на РМ му се додаваат 2,3 милиони денари на ставката 425, со цел навремена исплата на надоместок за 75 ангажирани лица во Канцелариите за контакти со граѓаните и истите се намалуваат од Министерството за информатичко општество од ставката 483-Купување на мебел, опрема, возила и машини;

3.Амандман под реден број 14 (архивски број 07-3804/42 од 12.09.2009 година), со кој на Дирекцијата за заштита на личните податоци му се додаваат 320 илјади денари на ставката 421, за редовно покривање на обврските за комунални услуги и истите се намалуваат од Министерството за финансии-Функции на државата од ставката 483 наменета за плаќање на ДДВ за проекти финансирани од донации;

4.Амандман под реден број 15 (архивски број 07-3804/7 од 11.09.2009 година), со кој во Буџетот на Комисијата за верификација на факти се додаваат 210 илјади денари на ставката 420, заради редовно патување на 5-члената комисија од местото на живеење до работното место и истите се намалуваат од Министерството за финансии-Функции на државата од ставката 464 наменета за плаќање на судски извршни решенија;

5.Амандман под реден број 16 (архивски број 07-3804/13 од 11.09.2009 година), со кој во Буџетот на Комисијата за верификација на факти се додаваат 50 илјади денари на ставката 421, за редовно покривање на обврските за комунални услуги и истите се намалуваат од Министерството за финансии-Функции на државата од ставката 464 наменета за плаќање на судски извршни решенија;

6.Амандман под реден број 17 (архивски број 07-3804/8 од 11.09.2009 година), со кој во Буџетот на Комисијата за верификација на факти се додаваат 75 илјади денари на ставката 423, наменети за ситен инвентар и истите се намалуваат од Министерството за финансии-Функции на државата од ставката 464 наменета за плаќање на судски извршни решенија;

7.Амандман под реден број 18 (архивски број 07-3804/9 од 11.09.2009 година), со кој во Буџетот на Комисијата за верификација на факти се додаваат 50 илјади денари на нова ставка 424, наменети за поправка и тековно одржување на моторни возила и компјутерска опрема и истите се намалуваат од Министерството за финансии-Функции на државата од ставката 464 наменета за плаќање на судски извршни решенија;

8.Амандман под реден број 19 (архивски број 07-3804/10 од 11.09.2009 година), со кој во Буџетот на Комисијата за верификација на факти се додаваат 100 илјади денари на ставката 426, наменети за објавување на огласи за поднесување на изјави од страна на лицата опфатени со законот и истите се намалуваат од Министерството за финансии-Функции

на државата од ставката 483 наменета за плаќање на ДДВ за проекти финансирани од донации;

9.Амандман под реден број 20 (архивски број 07-3804/11 од 11.09.2009 година), со кој во Буџетот на Комисијата за верификација на факти се додаваат 2 милиони денари на ставката 483, наменети за набавка на основни средства, со цел нормално функционирање на оваа новоформирана институција и истите се намалуваат од Министерството за финансии-Функции на државата од ставката 483 наменета за плаќање на ДДВ за проекти финансирани од донации;

10.Амандман под реден број 21 (архивски број 07-3804/12 од 11.09.2009 година), со кој во Буџетот на Комисијата за верификација на факти се додаваат 100 иљади денари на ставката 485, наменети за изготвување на компјутерски програм за исплата на плати и истите се намалуваат од Министерството за финансии-Функции на државата од ставката 483 наменета за плаќање на ДДВ за проекти финансирани од донации;

11.Амандман под реден број 24 (архивски број 07-3804/96 од 13.09.2009 година), со кој во Буџетот на Агенцијата за остварување на правата на заедниците се додаваат 200 иљади денари на ставката 421, за редовно покривање на обврските за комунални услуги и истите се намалуваат од Министерството за финансии-Функции на државата од ставката 483 наменета за плаќање на ДДВ за проекти финансирани од донации;

12.Амандман под реден број 85 (архивски број 07-3804/176 од 17.09.2009 година), со кој во Буџетот на Министерството за образование и наука, за потребите на Државен универзитет Тетово се додаваат 15 милиони денари денари на ставка 401, наменети за обезбедување на средства за нормално одвивање на наставно-образовен процес и истите се намалуваат од Министерството за финансии-Функции на државата од ставката 464 наменета за плаќање на судски извршни решенија;

13.Амандман под реден број 87 (архивски број 07-3804/177 од 17.09.2009 година), со кој во Буџетот на Министерството за образование и наука- Државен универзитет Тетово се додаваат 5 милиони денари на ставките 482 и 483, за дисперзирање на наставата на факултетите во градовите Кичево, Струга, Скопје и Куманово и истите се намалуваат од Министерството за финансии-Функции на државата од ставката 483 наменета за плаќање на ДДВ за проекти финансирани од донации.

Министерот за финансии и заменик министерот за финансии во текот на одржаните комисии настојуваа колку е можно подетално да ги информираат пратениците за мерките кои што ги превзема Владата, со цел остварување на Програмата за работа на Владата на Република Македонија во наредниот период.

Согласно член 164 од Деловникот на Собранието на Република Македонија „Во текот на третото читање Собранието расправа и одлучува само по членовите на дополнетиот предлог на закон за кои се поднесени амандмани и одлучува за предлогот на законот во целина. Во текот на третото читање на предлогот на законот, амандмани можат да се поднесат само на членовите на кои биле усвоени амандмани во текотот на второто читање на

седница на Собранието. Амандман може да поднесе предлагачот и пратеник, најдоцна во рок од 2 работни дена пред денот определен за одржување на седница на Собранието.“

Во иста насока е и одредбата од член 180 од Деловникот. Имено, „По Предлог на Буџетот на Република Македонија се води претрес како по предлог на закон во второ читање, со тоа што е задолжителен општ претрес. Претресот по Предлогот на Буџетот трае најмногу три дена. Дополнетиот предлог на Буџетот претставува нов интегрален текст во кој Владата ги вградила амандманите со кои се согласила и потребните изменувања и дополнувања на предлог на Буџетот. Кон дополнителниот предлог на Буџетот се доставува и образложение.“

Поради наведената деловничка одредба во дополнетиот предлог во кој што се прифатени амандманите на Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно-правната комисија, посебно се обележани амандманите со ознака „амандмани“ во пооделните раздели, додека предложените измени на Владата на Република Македонија се обележани со ознака „измена“.